**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25-5859/5
03 -08- 2012 .07.2012 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08 и 53/11), постапувајќи по барањето на КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје – Центар за инспекција на возила бр.25-5859/1 од 28.06.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје – Центар за инспекција на возила за вршење на стручни работи во постапка на единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O и T и одобрување на преправено возило од категориите M, N и O, за следните инспекциски места:
- ИМ 1 Велес на ул. Васил Иљоски бб;
- ИМ 2 Штип на ул.Брегалничка бб;
- ИМ 3 Прилеп на ул.,Александар Македонски бб;
- ИМ 4 Кочани на ул.,Тодосија Паунов бр. 111;
- ИМ 5 Скопје на ул.Качанички пат бб.;
- ИМ 6 Кавадарци на ул.Западен Булевар бб; и
- ИМ 7 Струмица на ул. Климент Охридска бр.105.

2. РЕШЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА бр.25-5011/5 од 04.11.2011 година, се заменува со ова решение.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје – Центар за инспекција на возила, до Министерството за економија поднесе барање бр.25-5859/1 од 28.06.2012 година, со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите:

а) - **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O и T,** согласно член 2 став (1) и (2) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11 и 84/12) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10) за инспекциските места како што се наведени во диспозитивот; и

б) - **одобрување на преправено возило од категориите M, N и O,** согласно член 6 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5, 8, 10, 13, 14, 15, 18, 19, 20, 21, и 23 и член 7 став (1) точка 1 (ТНГ), 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14 и 15 од Правилникот за преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциските места како што се наведени во диспозитивот.

... на Република Македонија бр.0806-08/1252/1 од 30.04.2012 година;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-010 од 28.05.2012 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба бр.1509-10216/2 од 16.07.2012 година, издаден од органот за одобрување – Биро за метрологија;

- Копии од обрасците М1/М2 за дипл. маш. инж. Поповски Никола, дипл. маш. инж. Иванов Стојанче, дипл. маш. инж. Саздовски Кире, дипл. маш. инж. Митревски Игор, дипл. маш. инж. Михов Љупче, дипл. маш. инж.Димитров Горан, дипл. маш. инж. Тасев Тасе, дипл. маш. инг. Мирчески Кире, дипл. маш. инж. Лазов Илија, дипл. ел. инж. Димов Ѓорѓи, дипл. собраќаен инж. Костовски Стевче, дипл. собраќаен инж. Стефановски Драган, дипл. собраќаен инж. Филев Јорданчо, електротехничар Трајановиќ Владица и електротехничар Караколевски Игор;

- Договори за закуп на деловен простор и опрема заверени на нотар и тоа за: ИМ 1 Велес на ул.Васил Иљоски бб, за ИМ 2 Штип на ул.Брегалничка бб. ИМ 3 Прилеп на ул. ,Александар Македонски бб, ИМ 4 Кочани на ул. Тодосија Паунов бр. 111, ИМ 5 за Скопје на ул. Качанички пат бб, ИМ 6 Кавадарци на ул.Западен Булевар бб и ИМ7 Струмица на ул.Климент Охридски бр.105;

- Доказ за осигурување: Полиса бр.6000410000057 од 17.05.2012 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех за правното лице издаден од Централен регистар на Република Македонија бр.09-04-08/2830 од 25.06.2012 година;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија и одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

***МИНИСТЕР,***
***Ваљон Сараќини***